ЕДУКАТА

бул. Киро Глигоров бр. 2, кат 2
Премиум Бизнис Центар
foundation.educata@gmail.com

## ФОНДАЦИЈАТА ЕДУКАТА ГИ ОДБРА СТИПЕНДИСТИТЕ НА ДРЖАВНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО

**Видеолотарија Касинос Австрија преку фондацијата за образовна и хуманитарна општествена дејност ЕДУКАТА, ќе стипендира шест редовни студенти, запишани на додипломски студии од прв циклус на државниот универзитет во Тетово, запишани за прв пат на студиската 2023/2024 година.**

Видеолотарија Касинос Австрија како општествено одговорна компанија, преку фондацијата Едуката ќе обезбеди стипендии за:

- ✓ Е. С. студент на Педагошки факулет, насока логопедија
- ✓ И. Ш. студент на ПМФ, насока Математика
- ✓ З. А. студент на Економски факултет, насока финансии и сметководство
- ✓ М. Р. студент на Финки, насока информатика
- ✓ Х. Ш. студент на Филозофски факултет, насока психологија
- ✓ Е. М. студент на Економски факултет, насока Финансии и Сметководство

Стипендистите беа одбрани по извршената евалуација согласно конкурсот кој беше отворен до 20.10.2023. Наша цел е овие млади луѓе да добијат еднакви можности за стекнување знаење и вештини, со што ќе се овозможи во иднина тие да бидат носители на развојот на општеството.

Директорот на фондацијата Едуката, Оливер Арсовски најави дека фондацијата ќе го следи целокупниот факултетски развој на избраните студенти, сè до нивното завршување, доколку бидат исполнети критериумите за добивање стипендија. Секој избран студент ќе добие стипендија во нето месечен износ од 18.000 денари за десет месеци во текот на студиската година.